***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ***
Оддел за внатрешна контрола,криминалистички истраги и професионални стандарди
Број 14.4 - /1
15.01.2016 година
С к о п ј е

# И З В Е Ш Т А Ј
## *за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2015 година*

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, како контролен механизам на работата на Министерството за внатрешни работи во текот на изминатата 2015 година, со бројни активности настојуваше да го продолжи трендот на зголемување на својата ефикасност и ефективност во работата и остварување на активностите содржани во Програмата за работа и стратешките приоритети на Министерството за внатрешни работи.

Со донесување на новата организација и систематизација на Министерството, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди премина **во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во чиј состав се воспоставени три Сектори со по две одделенија.** Во рамки на **Секторот за криминалистичко-оперативни работи функционираат** Одделение за внатрешна контрола и криминалистички истраги и Одделение за деташирани работници за криминалистички истраги и професионално работење, во **Секторот за професионално работење, превенција и интегритет,** Одделение за професионално работење и Одделение за превенција и интегритет и во **Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди за град Скопје,** Одделение за внатрешна контрола, работа по претставки и истраги за град Скопје и Одделение за професионални стандарди за град Скопје. Во склоп на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди функционира и Одделение за аналитика, администрација и документација.

Врз основа на статистичките податоци и согледувањето за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди за изминатата година може да се констатира дека со спроведените активности и извршените промени, превентивното постапување и превземените репресивни мерки за сите случаи на констатирано незаконско и непрофесионално постапување на припадници на Министерството е зголемена професионалноста во извршување на задачите, при што е намален бројот на претставки и поплаки на граѓаните.

И во текот на 2015 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди работеше на документирање на пречекорувањето на законските овластувања на овластените службени лица, расчистување на неправилностите во работењето на припадници на МВР како по податоци, информации и сознанија, кои самостојно ги прибира така и по добиени известувања, анонимни достави, претставки од граѓани и вработени во МВР, проверки по барања од јавните обвинителства, институциите за надворешна контрола на Министерството, невладини организации и други субјекти.

### *Статистички показатели за работата на Секторот*

Во текот на 2015 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди непосредно работеше на документирање на пречекорувањето на законските овластувања на овластените службени лица, расчистување на неправилностите во

работењето на припадници на МВР како по податоци, информации и сознанија, кои самостојно ги прибира така и по добиени известувања, анонимни достави, претставки од граѓани и вработени во МВР, проверки по барања од јавните обвинителства, институциите за надворешна контрола на Министерството, невладини организации и други субјекти.

Изминатата година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, презеде мерки за испитување на **1.524** (1.506)[1] случаи на посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување на службени лица, што претставува благо зголемување на случаите за 1,2 % во однос на минатата година.

Во 2015 година, примени се **671** (684) **писмена претставка од граѓани**, со што е забележано опаѓање за 2 % на примени писмени представки споредено со истиот период минатата година. Во однос на примените **записници за усно поднесени претставки- 268** (351), забележано е намалување за 24 %. За 9 % е зголемен бројот на примени **анонимни поднесоци-143** (131), во кои граѓаните укажуваат на одредени неправилности во работењето на вработените во МВР, а од најразлични причини не ги кажуваат сопствените генералии. Меѓутоа пак, благо намалување е забележано на бројот на пријавите за непрофесионално и незаконско постапување на припадници на МВР **по пријава на тел. број 199- шест (осум) .**

Писмени реакции во вид на претставки жалби и поплаки против работата на вработените во Министерството за внатрешни работи се добивани и преку невладини организации, вкупно - ***девет*** (пет) од кои осум преку **Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМакедонија и *една претставка преку Human Rights Watch*.**

Во овој период за 23 % е намален бројот на добиени претставки од **Народниот правобранител - 27** (35). Понатаму, во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди претставки се добивани од **адвокати како полномошници на граѓани- 45** (59), како и **34** (48) претставки од други субјекти-правни лица.

Во најголем број на случаи, претставките се однесуваат на забелешки за непрофесионално постапување на овластените службени лица во смисла на непреземање на службени дејства по однос на одреден настан или се незадоволни од преземените мерки и активности, а во дел од претставките се изнесуваат забелешки по однос на изречените мерки за наплата на глоба за сторени прекршоци најчесто од ЗБПС, начинот на изготвување на записници за случени сообраќајни незгоди, начинот на постапување на полициските службеници при превземање на полициските овластувања и слично.

По однос на претставките, би сакале да укажеме дека за одредени случаи (предмети), истовремени или последователно се добивани поднесоци од повеќе субјекти (граѓани, невладини, народен правобранител и др.)

Покрај добиените претставки, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше врз основа на сопствени податоци и сознанија, по добиени известувања, како и по барања што ги доставуваат или непосредно ги презентираат работниците на Министерството. Така, во овој период се добиени и **150** (130) **службени материјали (сл.белешки, информации, телеграми) од организациските единици во МВР** во кои се укажува на одредени неправилности или незаконитости сторени од припадници на МВР.

Од **1524** (1.506) случаи за кои се вршени проверки, **1.125** (1.200) **или 73,8 % се предмети кои се постапувани врз основа на добиени претставки од граѓански и правни лица** во кои се посочени неправилности извршени од страна на вработени во МВР, а останатите се по добиени известувања, сознанија и друго. Од анализа на структурата на добиени и постапени предмети по претставки од граѓани, може де се констатира дека во **753** ( 833) случаи наводите изнесени во претставките се **неосновани, 93** (105) случаи **се основани, 202** (161) предмет се без исход односно **нема доволно докази** за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, **43** (51) се **делумно основани**, за **29** (48) случаи по извршените проверки на наводите во претставките е утврдено дека **нема основ за постапување или не се во надлежност на ОВККИПС,** за **еден** случај не се вршени проверки бидејќи **претставката не содржи проверливи податоци, три** претставки **се повлечени од страна на подносителите и за еден** (два) предмет има потреба од дополнително преземање на мерки, **односно проверките продолжуваат.**

[1] *Бројките во заградата се однесуваат на истиот период минатата година*

Инаку, за сите постапени **1.524** предмети за сите случаи каде се утврдени одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за внатрешни работи, Колективниот договор на МВР и останатите правилници, од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди се изречени задолжителни дисциплински мерки до началниците каде се вработени службените лица кои непрофесионално и незаконски постапувале, согласно одредбите од Колективниот договор да иницираат соодветни постапки за истите.

За утврдените неправилности Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди против **205** (188) полициски службеници изрече задолжителна мерка за поведување на **постапка за утврдување на одговорност пред Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност.** За **шест** вработени е изречена задолжителна мерка непосредниот раководител да поднесе предлог до Министерот за внатрешни работи за донесување на Решение без водење на посебна постапка пред Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност, за **200 лица** е изречена мерка-**укажување, за 39 вработени** е изречена мерка покренување на постапка за **надомест на штета-материјална одговорност, за двајца вработени е изречена задолжителна мерка оддалечување односно суспендирање од нивното работно место до завршување на постапката пред надлежната комисија, 27 вработени се упатени на задолжителен психијатриски и психолошки преглед (истовремено од нив на 25 вработени да им биде одземено службеното оружје).**

Во текот на изминатата година од страна на Комисиите за дисциплинска одговорност во МВР по иницијатива на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди завршени се **100** постапки, по кои на Предлог на надлежните Комисии, Министерот за внатрешни работи донел **63** решенија за парични казни, за **13** лица писмено предупредување, за **три** лица е изречена мерка прераспоредување на пониски работни места, за **четворица** вработени по предлог на Комисијата, Министерот донел Решение за отказ на договор за вработување, **15** постапки се запрени или отфрлени, бидејќи Комисијата утврдила дека нема повреда на член од Колективниот договор на МВР или настанала застареност за изрекување на дисциплинска мерка, на **еден** вработен му е изречена писмена опомена и за **еден** вработен нема поведено дисциплинска постапка поради негово пензионирање.

Инаку, во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на службените лица кои имаа обележје на кривично дело, од страна на ОВККИПС се поднесени **14** (17) **кривични пријави** против **26** (25) **вработени** во МВР за сторени **20** (20) кривични дела, од кои **осум** кривични дела **„злоупотреба на службената положба и овластување" пет кривични дела „несовесно работење во службата" две кривични дела „фалсификување на службена исправа" две кривични дела „помагање" во врска со „злоупотреба на службена положба и овластување" и по едно кривично дело „измама" , „ давање лажен исказ" и „ малтретирање во вршење на служба".**

Покрај ова, во 2015 година се изготвени и доставени **79** (46) **Известувања** до Основните јавни обвинителства во Р.Македонија, од кои **66** (36) **се за известување** на надлежниот јавен обвинител за негово запознавање и евентуално постапување, а **13** (10) **Известувања се доставени по барање на ОЈО**.

Во текот на 2015 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше по **62** (71) **поднесоци**, во кои е наведено дека од полициски службеници врз граѓани **е употребена физичка сила.** По преземени мерки е утврдено дека **35 поднесоци се неосновани,** односно употребата на физичка сила била оправдана или воопшто не била употребена физичка сила. **За три случаи е утврдено дека неоправдано е употребена физичка сила, односно претставките се основани. Од нив за два случаи поднесени се Известувања до ОЈО, а за еден случај поднесена е кривична пријава за „малтретирање во вршење на служба". Во трите случаи за тројца полициски службеници е поднесен предлог за утврдување на дисциплинска одговорност, за двајца психолошко советување и за еден одземање на службеното оружје. За 24 случаи нема докази за да се утврдат наводите во претставката за употребена физичка сила.**

Во текот на годината Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, **во 11 случаи** ја испитуваше оправданоста и правилноста на употребата на средставата за присилба и тоа **во пет случаи заради воспоставување на**

**нарушен ЈРМ во поголем обем** при протестите пред Владата на Р.Македонија, при обезбедување на кошаркарски натпревар помеѓу кошаркашките екипи на МЗТ Скопје и Партизан од Белград и во три наврати при обид на странски државјани илегално да ја преминат државната граница во делот кој граничи со Р.Грција и во **шест случаи ја испитуваше основаноста и оправданоста на употреба на огнено оружје** и тоа во три случаи употеребено за лишување на лица поради сомнение дека се сторители на кривични дела „криумчарење на мигранти"и „разбојништво" и во по еден случај во рамки на акцијата во „Диво Населје" во Куманово, употребено кон терористичка група, потоа за спречување на вооружен напад врз вработена на бензиска пумпа во Куманово и во настан во Свети Николе при нарушен ЈРМ помеѓу двајца граѓани, при што е усмртен еден граѓанин.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди оцени дека употребата на средства за присилба и огнено оружје од страна на полициски службеници **во десетте случаи е основана, оправдана и правилна,** додека во **последниот случај** во кој настапиле смртни последици од огнено оружје е **неоснована** односно полицискиот службеник неоправдано употребил огнено оружје.

Инаку, Одделот за сите случаи за кои е известен дека има било какво незаконско и непрофесионално постапување спрема граѓаните од полициските службеници, Одделот без исклучок постапува и крајно професионално ги испитува сите наводи во претставките, без селективен пристап во работата, со еднаков третман кон сите граѓани, а по извршените проверки благовремено се доставуваат одговори до подносителите на претставките.

Во врска со добиените предмети, по извршени проверки од страна на Одделот, доставени се **1.099** (1236) **одговори и известувања до граѓани**, **осум одговори** до невладини организации, **52** одговори до правни лица, **49** одговори до адвокати.

Од вкупно примените **27 поднесоци од Народниот правобранител, одговор е доставен на сите 27 претставки.**

Во 2015 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди излезе на лице место на **63** случени сообраќајни незгоди, во кои учествуваат вработени во МВР, кои управуваат возила сопственост на МВР. За случаите каде е констатирано дека при управување на службените возила вработените во Министерството не ги почитувале законските прописи при што е настаната материјална штета на возилата сопственост на МВР, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди до непосредните раководители каде истите се вработени изрече задолжителни мерки да бидат покренати **28** постапки за утврдување на **материјална одговорност**, од нив за **тројца** иницирана е задолжителни мерка до овластените предлагачи, против вработените да поднесат предлози за утврдување на **дисциплинска одговорност** и за **еден** од нив е изречена и мерка **укажување** .

***Спроведени контроли од страна на Одделот за внатрешна контрола,криминалистички истраги и професионални стандарди во организациски единици на МВР***

Во анализираниот период, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди вршеше **контроли во организациски единици на МВР,** со цел утврдување на алкохолизираност на полициските службеници за време на работа, почитување на работното време, употреба на службени возила со уредно издаден налог за патување, почитување на член 168 став 3 од Законот за внатрешни работи и почитувањето на постапката со повикани, приведени и задржани лица во полициските станици, предвидени во стандардните оперативни процедури. Извршени се вкупно **63 контроли** од кои **52 контроли** во различни организациски единици на подрачјето на Секторите за внатрешни работи и **11** во Регионалните центри за гранични работи. Извршено е **алкотестирање на 814 полициски службеници од организациски единици во Сектори за внатрешни работи и Регионални центри за гранични работи,** при што кај двајца полициски службеници (по еден од СВР Скопје и од РЦ за ГР Север) е утврдено присуство на алкохол во организмот, поради што им е изречена мерка дисциплинска одговорност. Истовремено, во рамки на овие контроли извршена е **анализа на метаболити од опојни droги врз урина земена од девет полициски службеници, при што кај двајца полициски службеници од полициски станици во СВР Скопје е утврдено присуство на метаболити од**

**опојни droги.** Од полициските службеници со потврда се одземени службениот пиштол и службената легитимација**, истите се отстранети од работното место и од Министерството за внатрешни работи се до донесување на решение од дисциплинската комисија.** По одржаната дисциплинска постапка за двајцата полициски службеници е изречена мерка отказ.

При контролите во организациските единици утврдени се пропусти во ПС од ОН Кавадарци, ПС од ОН Виница, ПС од ОН Тетово, ПС за БПС Штип, ПС од ОН Делчево и ПС од ОН Чаир. Пропустите се однесуваат на непостапување согласно Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и тоа во однос на евиденциите за дневни настани во врска со вршење на полициски работи и евиденциите за поплаки од граѓани, регистарот на лица на кои по било кој основ им е ограничена слободата на движење, како и пропуст во водењето евиденција за користење на возилата на Министерството за внатрешни работи, не носење на службена легитимација и не почитување на работното време согласно дневниот распоред за работа. За констатираните пропусти против помошник командирот на ПС од ОН Кавадарци, е изречена задолжителна мерка писмено укажување, а на раководителите на СВР Тетово и СВР Штип им е укажано да одржат работен состанок со непосредните раководители на останатите организациски единици каде се констатирани пропусти во иднина да постапуваат согласно Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите. На полицискиот службеник од ПС од ОН Виница за не носење службена легитимација и на полициските службеници од ПС од ОН Чаир за пропусти во однос на потполнување на налозите за користење на службените возила од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е изречена задолжителна мерка писмено укажување.

Во однос на почитување на работното време согласно дневниот распоред за работа, двајца полициски службеници не се затекнати на работите места од кои против едниот полициски службеник од страна на непосредниот раководител веќе била покрената постапка за откажување на договорот за вработување, а додека другиот полициски службеник за време на работа бил учесник во сообраќајна незгода.

Во овој период, согласно наредба од Министерот за внатрешни работи, а по претходно изготвен оперативен план, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди изврши **четири контроли на наплатните станици „Глумово“,„Отовица“ и „Петровец“,** со цел откривање на злоупотреба на службени легитимации при поминување на наплатни станици на вработени во МВР, без при тоа да бидат подмирени трошоците согласно Законот за јавни патишта. При контролите не беа откриени возачи, вработени во Министерството за внатрешни работи кои ја злоупотребиле службената легитимација за да одбегнат плаќање на надомест за користење на автопат.

Покрај наведените контроли, вработени во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во овој период извршија **23 контроли во 26 станици за технички преглед на возила** и **шест контроли во Одделенијата за управни работи** при Одделот за граѓански работи. Контролите се однесуваа на: почитување на работното време, контрола на внесување на податоци во системот за продолжена важност на сообраќајната дозвола за возила и начин на издавање на регистарски таблици, почитување на член 168 став 3 од Законот за внатрешни работи и утврдување на алкохолизираност на овластените службени лица. Извршено е **алкотестирање на вкупно 70 вработени во наведените одделенија и станици за технички преглед,** при што кај **двајца вработени** е утврдено присуство на алкохол во организмот, а од страна на **еден вработен** е одбиено алкотестирање. **Против помлад референт за регистрација на моторни возила во** станица за технички преглед во Одделението за управни работи Скопје, кој не бил затекнат на работното место и не ажурирал предмети кои се однесуваат на продолжување на важност на регистрации на возила, двајца вработени во ОУР Скопје и ОУР Битола кај кои е утврдено присуство на алкохол во организмот и еден вработен во ОУР Охрид кој одбил алкотестирање, а истовремено и не го почитувал работното време, **Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди иницираше задолжителни мерки до овластениот предлагач, против четворицата вработени да поднесе предлог за утврдување на дисциплинска одговорност.**

Овој период, **извршени се две контроли во Мобилните единици за безбедност на сообраќајот на автопатот-„Петровец“, „Демир Капија“ и „Тетово“.** Контролите се преземаа во насока на: почитување на работното време, согласно дневниот распоред за работа; почитување на

Наредбата за користење на службени моторни возила; контрола на постапување по Наредбата за вршење на служба; почитување на член 168 став 3 од Законот за внатрешни работи; утврдување на алкохолизираност на полициските службеници; контрола во поглед на носење на приватни мобилни телефони. Во рамки на контролата во однос на водењето на евиденциите костатирани се пропусти во дневната евиденција на поминати километри каде што **не се внесени дел од налозите за користење на возилата.** За констатираниот пропуст, во однос на неажурното водење на евиденциите за користење на службени моторни возила од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на помошник на командирот на МЕ за БСА-Петровец му беше укажано за потребата од правилно и навремено водење на наведените евиденци. **Алкотестирани** се вкупно **29 полициски службеници**, при што **кај истите не е констатирано присуство на алкохол.**

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, во текот на **јануари - март** 2015 година вршеше проверки во Полициската станица од општа надлежност **Гостивар** во врска со непостапување согласно правилата, прописите и стандардните процедури по пријавени случаи. Од извршените проверки во **102** пријавени случаи во наведената полициска станица, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди констатира дека полициските службеници во **65** случаи не постапиле во согласност со правилата, прописите и стандардните процедури, во **33** случаи постапиле во согласност со правилата, прописите и стандардните процедури за постапување, во **два** случаи нема одговорност од објективни причини, **во еден** случај нема можност да се утврди одговорност и **еден** предмет е отстапен на ОСОСК.

Од вкупно **65** случаи во кои од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди беше утврдено дека полициските службеници не постапиле во согласно со правилата, прописите и стандардните процедури, **11 се препратени на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал** со насоки дека истите може да ги достават до Основното Јавно Обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, **за 50 е констатирано дека со непреземање на соодветни мерки и активности од страна на полициските службеници потребно е да биде известено надлежното ОЈО** со соодветен поднесок и **во четири случаи каде не се преземени мерки од страна на полициските службеници нема основ за кривична одговорност.** Во 50-те случаи во кои беше утврдено дека постојат основи за сомневање дека од страна на полициските службеници со непреземање на соодветни мерки се сторени кривични дела за кои се гони по службена должност Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди до ОЈО Гостивар достави две Известувања за запознавање и натамошно постапување.

### *Соработка со сродни служби од други држави*

На 20.03.2015 година во Виена, Р. Австрија склучен е Меморандум за разбирање меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Сојузното министерство за внатрешни работи на Република Австрија. Целта на Меморандумот е заемно продлабочување на меѓународната соработка во спречување и борба против корупцијата преку ефикасна и ефективна размена на информации и сознанија.

Претставник од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди учествуваше на отварање на проект „SIENA" во Р.Полска, за антикорупциските авторитети (S4ACA) чии носители се федералното биро за антикорупција на Р. Полска (CBA) и Р.Австрија (BAK).

### *Проектни активности, обуки и други форми на стручно оспособување за вработените во Одделот*

Во периодот од 24-29.05.2015 и од 06-11.09.2015 година во Варшава, претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди учествуваа на петтата и шестата тренинг конференција на тема „Оперативно истражни

активности“ и „Анализа на криминалот и меѓународна соработка во поддршка на оперативно - истражните и процесни дејствија“.

Во 2015 година, во рамки на Проектот **„Градење на капацитети на институциите кои го спроведуваат законот за соодветен третман на задржани и притворени лица“** во соработка со експерти ангажирани од Совет на Европа, направени се измени и дополнување на Правилникот за вршење на работите на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на Министерството за внатрешни работи и донесени се две Стандардни оперативни процедури.

Во рамки на овој проект во переиодот од 21 – 23 септември 2015 година, во Охрид во организација на Совет на Европа се одржа тридневна обука на теми „Човековите права во полициското работење“, „Дискриминација“ и „Говор на омраза“, на која земаа активно учество 28 вработени од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди .

На 15 и 16.10.2015 година, се одржа дводневна работилница на тема „Предистражна постапка“ за 26 вработени од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди со претставници на Единицата за Економски и компјутерски криминал при СВР Скопје и ОЈО Скопје.

### *Јакнење на институционалната и меѓуинституционална соработката на Одделот со институции задолжени за борба против незаконско и непрофесионално постапување*

И во 2015 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди продолжи со активности за зајакнување на соработката со Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во МВР, Основните јавни обвинителства и судовите се со цел поефикасна борба против незаконското и непрофесионално постапување на вработени во Министерството.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, во случаите кога има основано сомнение дека одреден полициски службеник или овластено службено лице е сторител на кривично дело, вршеше консултации со надлежното Јавно обвинителство. Истовремено, благовремено и сеопфатно постапуваше по сите дописи од Обвинителствата и Судовите. Во извештајниот период се поднесени 15 кривични пријави и 79 Известувања до Основните јавни обвинителства.

Со цел продлабочување на соработката, особено со Обвинителствата, интенција на Одделот е во текот на 2016 година, активно да се вклучи во сите форми на стручно оспособување пред се во делот на учество во истрагите и посебните истражни мерки.

Во делот на меѓуинституционалната соработка, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди остваруваше соработка со Државниот инспекторат за транспорт при Министерството за транспорт и врски со цел спроведување на заеднички контроли, на наплатните станици во републиката. Како резултат на таа соработка **се извршените четири контроли на наплатни станици** (погоре опишано во делот за контроли).

### *Јакнење на соработката со Народниот правобранител, граѓаните и невладиниот сектор*

Еден од клучните приоритети на Министерството за внатрешни работи, а посебно на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, беше остварување на континуирана соработката со Народниот правобранител и невладините организации, имајќи ја предвид нивната оснвна функција, која се состои во давање правна помош и заштита на основните права и слободи на граѓаните во случаи кога истите им се загрозени.

Во оваа насока, Одделот ја продолжи својата активност за одговорно и сеопфатно информирање на Народниот правобранител и невладините организации за своите активности.

Сите достави од Народниот правобранител и невладините организации сериозно се земаат во постапка и во рамките на нужно неопходното време за заокружување на проверките, благовремено се одговараат.

### *Имплементација на Антикорупциската програма*

Стратешки приоритет во работењето на Министерството за внатрешни работи е  борбата против корупцијата и коруптивното однесување меѓу вработените и во таа насока Мминистерството за внатрешни  работи продолжува со јасно дефинирана политика за безкомпромисна борба против корупцијата. За таа цел е и донесувањето на Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, која има цел намалување на корупцијата и постигнување на антикорупциска култура кај вработените во Министерството на ниво на европските полиции. Во програмата се предвидени и други цели:  детектирање на корупцијата, отстранување на условите и факторите  кои доведуваат до корупција и коруптивно однесување, зголемување на ефикасноста на полициските органи надлежни за спроведување на законите и службите на Министерството надлежни за контрола на работењето, отчетност, транспарентни постапки во сузбивањето на корупцијата.

Тенденција на Антикорупциската програма е да го стесни просторот за коруптивно однесување и да обезбеди услови за контрола, откривање и санкционирање на корупцијата и коруптивното однесување.

Имајќи го предвид горенаведеното, како и поставениот репер на Министерството за внатрешни работи за нулта толеранција на корупцијата, градејќи ефикасен и ефективен контролен механизам со преземање на превентивни и репресивни мерки и активности преку  соодветно откривање и санкционирање на секој конкретен случај за кој постојат докази се стеснува просторот за коруптивно однесување на полициските службеници.

**ПРИЛОГ:** **-** Табеларни прегледи на одредени податоци.

**Изготвил:** С. Давчевски
Д. Анѓелова

**Согласен:** С. Герасимов
С. Куртиши

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
**д-р Анета Станчевска**

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

**на одредени податоци од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди**

**I.** Број на службени лица спрема кои се изречени задолжителни мерки од Одделот за внатрешн контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди по вид и години:

| | Вкупно предмети по кои е постапено | Кривично пријавени лица | Поведув. дисц. постапка | Укажување со предупре-дување | Постап. за надомест на матер. штета | Оддале-чување од раб.место | Решение за отказ без водење дисц.пост. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 г. | 1148 | 75 | 173 | 122 | 32 | 39 | |
| 2009 г. | 1355 | 50 | 201 | 193 | 84 | 28 | 66 |
| 2010 г | 1261 | 29 | 219 | 161 | 85 | 9 | 14 |
| 2011 г. | 1250 | 30 | 228 | 230 | 62 | 9 | 29 |
| 2012 г. | 1644 | 23 | 347 | 244 | 74 | 11 | 6 |
| 2013 г. | 1584 | 12 | 277 | 261 | 45 | 4 | 20 |
| 2014 г. | 1506 | 25 | 188 | 217 | 39 | 4 | 16 |
| 2015 г. | 1524 | 26 | 205 | 200 | 39 | 2 | 6 |

**II.** Поднесоци против полициски службеници за употребена физичка сила.

| | вкупно поднесоци | основани | неосновани | нема докази | делумно основани |
|---|---|---|---|---|---|
| 2008 година | 64 | 4 | 36 | 24 | / |
| 2009 година | 79 | 6 | 37 | 36 | / |
| 2010 година | 64 | 5 | 38 | 20 | 1 |
| 2011 година | 63 | 8 | 44 | 11 | / |
| 2012 година | 73 | 4 | 46 | 23 | / |
| 2013 година | 57 | 1 | 33 | 23 | / |
| 2014 година | 71 | 4 | 46 | 21 | / |
| 2015 година | 62 | 3 | 35 | 24 | / |

**III.** Поднесоци од Народниот правобранител

| | Вкупно поднесоци | одговорени |
|---|---|---|
| 2008 година | 51 | 46+ (6) [2] |
| 2009 година | 70 | 68+ (5) |
| 2010 година | 41 | 40+(2) |
| 2011 година | 26 | 26+(1) |
| 2012 година | 32 | 32 |
| 2013 година | 23 | 21 |
| 2014 година | 35 | 33 + (2) |
| 2015 година | 27 | 27 |

**IV.** Добиени и одговорени поднесоци од невладини организации

| | примени | одговорени |
|---|---|---|
| Хелсиншки комитет | 8 | 7 |
| *Human Rights Watch.* | 1 | 1 |
| Вкупно | 9 | 8 |

[2] Бројката во заградата се однесува на одговор по претставки добиени претходната година.